

ИЗДАНИЕ БР.33,
МЕСЕЦ АВГУСТ 2021

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ УПАТИЈА ПОМОШ ВО КОЧАНИ ЗА ДА ПОМОГНАТ ВО СПРАВУВАЊЕ СО СИЛНИОТ ПОЖАР. ТЕРЕНСКА ЛАДА НИВА, ЏИП СО ПУМПА , ДАФ СО 5000 ЛИТРИ, ИВЕКО СО 9000 ЛИТРИ И СЕДУМ ПОЖАРНИКАРИ СЕ ДЕЛ ОД ПОМОШТА КОЈА БЕШЕ ИСПРАТЕНА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





СЕ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОПШТИНСКИ УСЛУГИ МСИП 2 ПО КОЈ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОБИ ГРАНТ СРЕДСТВА ЗА УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТ, ФИНАНСИРАН ПРЕКУ ПРОЕКТНАТА ЕДИНИЦА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, ПОДДРЖАН ОД СВЕТСКА БАНКА ЗА "РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ЗА КРАЦИ НА УЛ. ИЛИНДЕНСКА, КРАК НА УЛ. МАРШАЛ ТИТО И АСФАЛТИРАЊЕ ВО С. СОПОТ.
ФИНАНСКАТА КОНСТРУКЦИЈА Е СО ВРЕДНОСТ ОД 4.000.000 ДЕН.
РАБОТИТЕ ГИ ИЗВЕДУВА ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НЕКОЛКУ КРАЦИ НА УЛ.ДИСАНСКА. ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ УЛИЧНИ СВЕТИЛКИ, НИЗ ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НАБАВКА НА 4 МОТОРИ СО ДУВАЛКА КОИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ШУМСКИ ПОЖАРИ СО НИСКОСТЕБЛЕСТА ВЕГЕТАЦИЈА И ТРЕВА. СО ОВИЕ МОТОРИ СЕ ЗГОЛЕМУВА ЕФИКАСНОСТА НА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРОТ И ЗАМЕНУВА ЕФИКАСНОСТ НА 5 ПОЖАРНИКАРИ, СО ШТО ЛОКАЛИЗИРАНИОТ ПОЖАР БИ СЕ ИЗГАСНАЛ ЗА ПОКРАТОК ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД.



АКТИВНОСТИ ВО ГИМНАЗИЈА "ДОБРИ ДАСКАЛОВ" – РЕКОНСТРУКЦИЈА НА 7 УЧИЛНИЦИ И ДВА КАБИНЕТИ ПО ИНФОРМАТИКА. ИЗВРШЕНА Е ПРОМЕНА И НА 30 ВРАТИ ВО УЧИЛИШТЕТО, А СЕ ОПРЕМУВААТ СО НОВ МЕБЕЛ КАБИНЕТИТЕ ПО ИНФОРМАТИКА И ЛИКОВНО. ИЗВРШЕНА Е И ПРОМЕНА НА ИНТЕРНЕТ И ИНСТАЛАТЕРСКАТА МРЕЖА ВО УЧИЛИШТЕТО СЕ СО ЦЕЛ ЗА НЕПРЕЧЕН ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕЛ ОД КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА, ОД МОСТОТ НА УЛ„ ВИДЕО СМИЛЕВСКИ“ ДО НАРЕДНИОТ МОСТ НА УЛ„ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ Е ВО ТЕК НА РЕКОНСТРУКЦИЈА. СО ТОА ЌЕ СЕ ДОБИЕ ЕДНА ЦЕЛИНА СЕ ДО С.ВАТАША. ВО БУЏЕТОТ СЕ ПЛАНИРАНИ 3,8 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, А СО КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА ЌЕ СЕ ОПФАТИ ДЕЛОТ ВО ДОЛЖИНА ОД 240 МЕТРИ.



АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НЕКОЛКУ КРАЦИ НА УЛ.ЦРНОРЕЧКА, УЛ.ВАСИЛ ГЛАВИНОВ, ЗАПАДЕН БУЛЕВАР СПОЈ СО УЛ.ЦРНОРЕЧКА И УЛ.ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ. ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ УЛИЧНИ СВЕТИЛКИ, НИЗ ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ИНВЕСТИТОР И ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД ДООЕЛ КАВАДАРЦИ КАКО ИЗВЕДУВАЧ, СЕ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО УЗ КУЛА СО ШТО ЌЕ БИДАТ ОПФАТЕНИ ДВА КРАКА ОД УЛ.БЛАЖО АЛЕКСОВ, ПОТОА УЛ.ЛАЗО МИЦЕВ, УЛ.ЛАЗО КАЛЕШКОВ, ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ КАЈ СИМБИМЕД И БУЛ.МАКЕДОНИЈА, КРАЦИ НА УЛ.ЦАНО ПОП РИСТОВ И УЛ.ОРЦЕ НИКОЛОВ. ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ОВОЈ ДОГОВОР ИЗНЕСУВА 3.630.000,ОО ДЕНАРИ.





СЕ ЗАПОЧНА СО САНИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД С.МАРЕНА КОН С.СОПОТ СО ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 90М2.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА ВО СОУ"ЌИРО СПАНЏОВ БРКО". СЕ ДИГРАДИЈА ПОВЕЌЕ КАБИНЕТИ, ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ОБНОВУВАЊЕ НА СИТЕ ХОЛОВИ ВО УЧИЛИШТЕТО И ПОДОВИ, ПРОМЕНЕТА Е ЦЕЛОКУПНАТА ИНСТАЛАЦИЈА, ПОСТАВЕНО Е ЛЕД ОСВЕТЛУВАЊЕ. ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И НАБАВКА НА ОПРЕМА СО КОЈА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ МОЖАТ СВОЈАТА СТРУЧНОСТ ПРИ РАБОТЕЊЕТО ДА ЈА ИЗДИГНАТ НА ЕДНО ПОВИСОКО НИВО. ВО СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАРЕДНАТА ГОДИНА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА КРОВОТ НА СПОРТСКАТА САЛА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ МТСП И ЦРВЕН КРСТ-КАВАДАРЦИ СО СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 12 МИЛИОНИ ДЕНАРИ , ЌЕ СЕ ГРИЖИ ЗА 100 ЛИЦА, ГЛАВНО ИЗНЕМОШТЕНИ, БОЛНИ, ЛУЃЕ КОИ САМИ НЕМОЖАТ ДА СЕ ОПСЛУЖУВААТ. 20 НЕГОВАТЕЛИ КОИ СЕ СО ЛИЦЕНЦИ ЌЕ ЈА РАБОТАТ ОВА РАБОТА ЕДНА ГОДИНА, НО ПОНАТАМУ СЕ СТВАРАТ УСЛОВИ ОВА ДЕЈНОСТ ДА СТАНЕ ПОСТОЈАНА И ДА ЗАЖИВЕЕ БЕЗ ВРЕМЕНСКИ ОГРАНИЧУВАЊА, КАКО ПОСТОЈАНА СЛУЖБА СО СВОИ ОВЛАСТУВАЊА И ДЕЈНОСТ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ ЧИСТЕЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД НАТАЛОЖЕНИОТ ЖАБУЊАК ПОРАДИ НЕМАЊЕ НА ВОДА ВО РЕКАТА.



ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД СО ПРИСТАПНИ СКАЛИ НА УЛ.БРУШАНСКА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е РМК ГРАДБА, А ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 398 840 ДЕНАРИ.





СЕ ИЗВРШИ ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА ПАТНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.РЕСАВСКА. СО ОВА СЕ ЗАОКРУЖИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.РЕСАВСКА.

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК И ПАРКИНГ ПРОСТОР ОД БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА. ПОПЛОЧУВАЊЕТО СЕ ВРШИ СО БЕХАТОН КОЦКИ, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД. ОВОЈ КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ СЕ РЕАЛИЗИРА ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВОЈ РЕГИОН.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ВИКЕНД НАСЕЛБАТА ГОЛЕШ НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ЗНАЧИТЕЛНО СЕ ПОДОБРИЈА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИТЕЛИТЕ КОИ ИМААТ ВИКЕНДИЦИ ВО ОВАА НАСЕЛБА.

ОПЕРАТИВАТА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА ГРАДБА ПРОМЕТ ЗАВРШИ СО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.БЛАЖО АЛЕКСОВ. АСФАЛТИРАЊЕТО СЕ ИЗВРШИ ВО ДВА СЛОЈА НА ПОВРШИНА ОД 3900 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПРЕТХОДНО, СОГЛАСНО ИСТИОТ ПРОЕКТ БЕА ПОПЛОЧЕНИ И ТРОТОАРИТЕ НА ИСТАТА УЛИЦА СО ПОВРШИНА ОД 2150 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е 9 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА ОБЈЕКТОТ ЧИЈА НАМЕНА Е ВИНСКИ САЛОН, СЕ ОДВИВААТ НЕПРЕЧЕНО. ОБЈЕКТОТ СЕ ОЧЕКУВА ДА БИДЕ СТАВЕН ВО ФУНКЦИЈА НА 7МИ СЕПТЕМВРИ. НОВИОТ ВИНСКИ САЛОН ЗА ПРОМОЦИЈА НА МАЛИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ ЌЕ ПРЕТСТАВУВА МЕСТО КАДЕ ШТО СЕКОЈ ЉУБИТЕЛ НА ВИНО ЌЕ МОЖЕ ДА УЖИВА.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕ НА СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ ГО АДАПТИРА ПРОСТОРОТ ЗА ПРОМОЦИЈА НА МАЛИТЕ ВИНАРИИ СО ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР И ПРОМОЦИЈА, КАКО И ДЕЛ ЗА ЕНОЛОЗИТЕ КОИ СТРУЧНО ЌЕ ПРЕЗЕНТИРААТ. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ДОБИЕ ВИНСКИ САЛОН ПО НАЈВИСОКИТЕ СТАНДАРДИ А ПРЕД СЕ ДОБРА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАЛИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ.
ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е 720 000 ДЕНАРИ.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ „ШЕПИ 2021“ НА 11.06.2021 ГОДИНА, ЗАПОЧНАА ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИТЕ ЖИВОТНИ. МЕЃУ НЕКОЛКУТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ Е И ПОПИСОТ НА КУЧИЊА И МАЧКИ КОИ ИМААТ СОПСТВЕНИЦИ. ДО СЕГА ПОПИШАНИ СЕ ОКОЛУ 300 КУЧИЊА И 150 МАЧКИ. НЕКОИ ОД СОПСТВЕНИЦИТЕ НЕ САКААТ ДА ГИ ПОПИШУВААТ СВОИТЕ ДОМАШНИ МИЛЕНИЧИЊА, СО ТОА ШТО И ТИЕ СЕ ЕВИДЕНТИРААТ КАКО ТАКВИ. СЕ РАБОТИ НА АПЛИКАЦИЈА ПРЕКУ КОЈА СОПСТВЕНИЦИТЕ ЌЕ МОЖАТ И САМИ ДА ГИ ВНЕСАТ СВОИТЕ НОВИ ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ ВО СИСТЕМОТ.
ДЕНОВИВЕ СЕ ЗАПОЧНЕ СО МОНТАЖА НА ИНФОРМАТИВНИТЕ ТАБЛИ КОИ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НА 10 ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А НА ИСТИТЕ ЌЕ БИДАТ ИСПИШАНИ СОВЕТИ ЗА ГРИЖА И ЗАШТИТА НА МИЛЕНИЦИТЕ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ И СО УРЕДУВАЊЕ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ КОИ ЌЕ СЕ НАМЕНАТ ЗА ПАРКОВИ ЗА МИЛЕНИЦИ СО СООДВЕТНИ РЕКВИЗИТИ. РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ НЕ ВОДИ КОН ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА УШТЕ ЕДЕН ГОЛЕМ ПРОЕКТ КОЈ Е ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ КОГА СЕ ВО ПРАШАЊЕ ЖИВОТНИТЕ, А ТОА Е ИЗГРАДБА НА СТАЦИОНАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОШИРЕН БРОЈ НА УЧИЛНИЦИ, РЕКОНСТРУИРАНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, НАБАВЕНИ НОВИ ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ, А И НОВА СПОРТСКА САЛА, КОЈА ЗА ПРВ ПАТ ЈА ДОБИВА УЧИЛИШТЕТО, СЕ ГЛАВНИТЕ НОВИНИ ВО ООУ„СТРАШО ПИНЏУР“ ВО КАВАДАРЦИ.



ЗАВРШИ ИЗГРАДБАТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ФУДБАЛСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ОД ОТВОРЕН КАРАКТЕР ВО ДВОРОТ НА ГИМНАЗИЈАТА ДОБРИ ДАСКАЛОВ. НАЈПОЗИТИВНАТА СТРАНА ОД ИЗГРАДБАТА НА ОВА ИГРАЛИШТЕ Е ТОА ШТО ДЕЦА СО ЛЕСЕН ДАУНОВ СИНДРОН СО ЛЕСЕН АУТИЗАМ И ПОПРЕЧЕНОСТ ЌЕ ТРЕНИРААТ ДВА-ТРИ ПАТИ НЕДЕЛНО БЕСПЛАТНО СО ТРЕНЕРИ ОД ФК КАРПОШОВО.
ИСТОТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА СО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЛИЦА СО ДАУНОВ СИНДРОМ, ЛЕСЕН АУТИЗАМ И ПОПРЕЧЕНОСТ СО МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ СО ЦЕЛ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОМОШ И ПОДДРШКА, КАКО И ЗАШТИТА НА СТРУЧНИ, ТЕХНИЧКИ, ХУМАНИТАРНИ, ОБРАЗОВНИ, СПОРТСКИ И ДРУГИ ПРАВА И ИНТЕРЕСИ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ДАУНОВ СИНДРОМ, ЛЕСЕН АУТИЗАМ И ПОПРЕЧЕНОСТ, НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И ИНСТИТУЦИИТЕ КАДЕ ОВИЕ ЛИЦА ЖИВЕАТ И ПРЕТСТОЈУВААТ. КРАЈНАТА ЦЕЛ Е НИВНА ЦЕЛОСНА ИНКЛУЗИЈА И ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ТРЕТМАН КАКО РАМНОПРАВНИ ГРАЃАНИ, КОИ ИМААТ СВОИ ПРАВА И ОБВРСКИ ОСОБЕНО ВО ДЕЛОТ НА СПОРТОТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ООУ "ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" 14 УЧИЛНИЦИ ДОБИЈА КОМПЛЕТНО НОВ ЛИК. НАЈАВЕНА Е И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВНАТА КОНСТРУКЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО.

ЗАВРШИ ИЗГРАДБАТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ФУДБАЛСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ОД ОТВОРЕН КАРАКТЕР ВО ДВОРОТ НА ГИМНАЗИЈАТА ДОБРИ ДАСКАЛОВ. НАЈПОЗИТИВНАТА СТРАНА ОД ИЗГРАДБАТА НА ОВА ИГРАЛИШТЕ Е ТОА ШТО ДЕЦА СО ЛЕСЕН ДАУНОВ СИНДРОН СО ЛЕСЕН АУТИЗАМ И ПОПРЕЧЕНОСТ ЌЕ ТРЕНИРААТ ДВА-ТРИ ПАТИ НЕДЕЛНО БЕСПЛАТНО СО ТРЕНЕРИ ОД ФК КАРПОШОВО.

ИСТОТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА СО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЛИЦА СО ДАУНОВ СИНДРОМ, ЛЕСЕН АУТИЗАМ И ПОПРЕЧЕНОСТ СО МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ СО ЦЕЛ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОМОШ И ПОДДРШКА, КАКО И ЗАШТИТА НА СТРУЧНИ, ТЕХНИЧКИ, ХУМАНИТАРНИ, ОБРАЗОВНИ, СПОРТСКИ И ДРУГИ ПРАВА И ИНТЕРЕСИ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ДАУНОВ СИНДРОМ, ЛЕСЕН АУТИЗАМ И ПОПРЕЧЕНОСТ, НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И ИНСТИТУЦИИТЕ КАДЕ ОВИЕ ЛИЦА ЖИВЕАТ И ПРЕТСТОЈУВААТ. КРАЈНАТА ЦЕЛ Е НИВНА ЦЕЛОСНА ИНКЛУЗИЈА И ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ТРЕТМАН КАКО РАМНОПРАВНИ ГРАЃАНИ, КОИ ИМААТ СВОИ ПРАВА И ОБВРСКИ ОСОБЕНО ВО ДЕЛОТ НА СПОРТОТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА ПАВЕР ТРЕЈД РАБОТИ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С.ЧЕМЕРСКО. СЕ ВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ СО ПОВРШИНА ОД 375 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ ИЗНЕСУВА 427.691 ДЕНАРИ.



ГРАДЕЖНАТА ФИРМА АС МАШИНИ ВО СОРАБОТКА СО ФИРМАТА ЈА МИ ЗАПОЧНАА СО ЧИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ НА ПОРАНЕШНА ЛА ЛУНА. ОВОЈ ПРОСТОР ЦЕЛОСНО ЌЕ БИДЕ ИСЧИСТЕН ДОДЕКА СЕ ПОДГОТВУВА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН ПЛИВАЧКИ БАЗЕН.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕАЛИЗИРАН Е УШТЕ ЕДЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ДВОРОТ НА СОУ ЌИРО СПАНЏОВ-БРКО. СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ, ПОСТАВЕНА Е ГУМЕНА ПОДЛОГА, СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ ДРВЕНИ ДЕТСКИ ИГРАЧКИ И ПО ЦЕЛАТА ДОЛЖИНА БЕШЕ ИЗВЕДЕНА И ЗАШТИТНА МЕТАЛНА ОГРАДА. ИСТОТО ГО ИЗВЕДУВАШЕ МЕТАЛ АПОСТОЛОВ И ЗА НЕГОВАТА РЕАЛИЗАЦИЈА СЕ ОДВОЕНИ 1 337 540 ДЕНАРИ.



ВО ООУ "ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" ИЗВРШЕНА Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВОТ ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД, СЕ ПРОМЕНИ И ОСВЕТЛУВАЊЕТО ВНАТРЕ ВО УЧИЛИШТЕТО СО ШТО СИТЕ УСЛОВИ СЕ ИСПОЛНЕТИ ЗА СТАРТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА. ВО ИДНО ВРЕМЕ СЕ ОЧЕКУВААТ И НОВИ ПРОЕКТИ И ИНВЕСТИЦИИ КОИ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ УЧИЛИПТЕТО ДА ДОБИЕ УШТЕ ПО СОВРЕМЕН ЛИК.

КАВАДАРЦИ ЌЕ ДОБИЕ ЗАТВОРЕН ПЛИВАЧКИ БАЗЕН.
СЕ РАБОТИ НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНА ЛА ЛУНА НА ЧИЕ МЕСТО ЌЕ СЕ ГРАДИ ПЛИВАЧКИОТ БАЗЕН. РАСЧИСТУВАЊЕТО НА ТЕРЕНОТ Е ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИИТЕ "АС МАШИНИ" И "ЈА МИ. ОПШТИНАТА ВО ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА ЌЕ УЧЕСТВУВА СО СРЕДСТВА ЗА УРБАНИСТИЧКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, А ОБЈЕКТОТ ЌЕ ГО ГРАДИ АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЛЕТНИОТ РАСПУСТ И ВО ПОУ „СТРАШО ПИНЏУР“ СЕ ИСКОРИСТИ ЗА СРЕДУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИОТ И НАДВОРЕШНИОТ ДЕЛ. ПОДГОТВЕНО Е ЗА СТАРТ НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА. УЧИЛИШНИОТ ДВОР Е ЦЕЛОСНО ОГРАДЕН СО НОВА ОГРАДА, ДОНАЦИЈА ОД ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ. СЕ ИЗВРШИ ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОГРАДАТА ЗА УЧИЛИШНИОТ ДВОР, БЕТОНСКИ И МЕТАЛЕН ДЕЛ ВО ДОЛЖИНА ОД 280 МЕТРИ СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД РЕЧИСИ ЕДЕН МИЛИОН ДЕНАРИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОРАМНУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО НАСЕЛБА ГОЛЕШ И С.ШЕШКОВО. ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ РАЕЛИЗИРА НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ КОИ ИМААТ ВИКЕНДИЦИ ИЛИ ЖИВЕАТ ВО НАСЕЛБА ГОЛЕШ И С.ШЕШКОВО.



ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД ВО СЕЛОТО СОПОТ СЕ ИЗВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА, КАНАЛИЗАЦИОНАТА И АТМОСФЕРСКАТА МРЕЖА. ЗАГУБИТЕ НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ СЕ НАМАЛЕНИ ЗА 30%. ИСТО ТАКА СО АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА, ДОДАВА ЈАНЧЕВ, РЕШЕН Е И ПРОБЛЕМОТ СО ПОПЛАВУВАЊЕ НА ПОЕДИНИ ДЕЛОВИ ОД СЕЛОТО, ПРИ ПОРОЈНИ ДОЖДОВИ.

ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФК СОПОТ ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА СОБЛЕКУВАЛНИ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВЕЛИ ДЕКА ОПШТИНАТА ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД ГО ПОМАГА СПОРТОТ И ВО СЕЛАТА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА СПОРТСКА САЛА ВО ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ ВО СЕЛО ВАТАША. СЕ ОЧЕКУВА САЛАТА ДА БИДЕ ЦЕЛОСНО ЗАВРШЕНА ДО КРАЈ НА ОВАА ГОДИНА, А ИСТАТА Е СО ПОВРШИНА ОД 400 М2. УЧИЛИШТЕТО ЌЕ ДОБИЕ И НОВА КОТЛАРА И НОВ СИСТЕМ ЗА ГРЕЕЊЕ.



Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**